МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА)

Скопје, __.__.2013 година

ВОВЕД

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) од 2010 година во делот на прекршочните одредби беше уредено дека, пред да се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, на сторителот може да му се понуди порамнување.

Со новиот Закон за прекршоците, постапката на порамнување не е задолжителна. Поради тоа, се предлага за прекршоците утврдени во Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) да не се води постапка на порамнување што е во согласност со новиот Закон за прекршоците.

II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основната цел на предложените измени е во согласност со новиот Закон за прекршоците согласно кој постапката на порамнување не е задолжителна.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За донесувањето на овој Предлог на закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За донесувањето на овој Предлог на закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

V. УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Не

VI. ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ВРЗ ОСНОВА НА ОВОЈ ЗАКОН

Со донесувањето на Предлог на законот за изменување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) не се јавува потреба од донесување на подзаконски акти .

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА)

Член 1

Во Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош ИПА („Службен весник на Република Македонија“бр.66/10), членот 35 се менува и гласи:

" За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води надлежен суд" .

Член 2

Постапките на порамнување кои ќе отпочнат до денот на отпочнувањето со примената на овој Закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија” бр.62/06 и 51/11), во рок од шест месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. /13).

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Во Предлог на законот за изменување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) се инкорпорирани три члена.

Со членот 1 од Предлог на законот се менува членот 35 од постојниот Закон за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА). Со оглед дека со новиот Закон за прекршоците порамнувањето не е задолжителна постапка, со измената на законот се уредува деказа прекршоците кои се утврдени во Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА), прекршочна постапка води надлежниот суд.

Членот 2 од Предлог на законот се однесува на преодните одредби со кои се уредува дека постапките на порамнување кои ќе отпочнат до денот на отпочнувањето со примената на овој Закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" бр.62/06 и 51/11), во рок од шест месеци од денот на отпочнување со примена на овој закон.

Со Членот 3 од Предлог на законот се уредува отпочнувањето на примената на Предлог законот.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија во законот се меѓусебно поврзани и како такви се применливи во пракса.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА), за прекршоците утврдени во Законот нема да се води постапка на порамнување што е во согласност со новиот Закон за прекршоците.

ИЗВОД ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА) ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 35

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, на сторителот на прекршокот ќе му се понуди порамнување согласно Законот за прекршоци.